РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 11-581/3
16.10 2024 год.
Гевгелија

ГЕВГЕЛИЈА

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Комисија за спроведување на постапка за електронско јавно наддавање

Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на член 58 став 5 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), а во врска Објавата бр.01/2024 за отуѓување на градежно земјиште по пат на електронско јавно наддавање во општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**

Објавата број 01/2024 за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање бр.11-581/1 од 17.09.2024 година, објавена во дневните весници "Слободен печат" и "Вечер" на ден 10.10.2024 година и во "Службен весник на РСМ", за градежната парцела дадена во табеларниот преглед бр.2 а се однесува на:
- Градежна парцела бр.47 формирана од КП бр.5781, КП бр.5782 и дел од КП бр.5778/2 КО Гевгелија, со вкупна површина од 1337 $м^2$ со намена А2 Домување во станбени згради, **СЕ ПОНИШТУВА.**

Решението за поништување да се објави во истите печатените медиуми односно "Слободен печат" и "Вечер" на најмалку една четвртина од една страна на печатениот медиум и во "Службен весник на РСМ".

**Образложение**

Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање за отуѓување на градежно земјиште во општина Гевгелија објави Објава за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија бр. бр.11-581/1 од 17.09.2024 година во дневните весници "Слободен печат" и "Вечер" од 10.10.2024 и во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Во текот на постапката а пред истекот на крајниот рок за доставување на пријавите за учество, настанати се непредвидени околности кои го оневозможуваат водењето на постапката за отуѓување на градежната парцела ГП бр.47 формирана од КП бр.5781, КП бр.5782 и дел од КП бр.5778/2 КО Гевгелија, со намена А2 Домување во станбени згради дадена во табеларниот преглед бр.2 од Објавата.

Следствено на наведеното а согласно член 58 став 5 од Законот за градежно земјиште Комисијата одлучи како во диспозитивот на решението.

Комисија за спроведување на постапки
за јавно наддавање на градежно земјиште